Фармацевтска хемиска козметичка
индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0201-8
08.04. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 487 и член 490 од Закон за трговските друштва и член 36 од Правила за котација, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 08.04.2019 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2018 година
(дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2018 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2018 година во висина од 272,00 денари нето, односно 320,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2018 година е 23.04.2019 година.

Член 3

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2018 година е 24.04.2019 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2018 година е 25.04.2019 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2018 година ќе започне од 22.05.2019 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова